**20242113678**

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на 427 став 1 и 438 алинеја 9 , а во врска со член 18 став (4) и член 20 став (2), член 21, член 182 и член 294 од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата оджана на ден 4.10.2024 донесе

## ПРАВИЛНИК[1] ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА СТЕКНУВАЊЕ КВАЛИФИКУВАНО УЧЕСТВО И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ПОДОБНОСТ НА СТЕКНУВАЧОТ

ДЕЛ 1

Член 1

Со овој Правилник поблиску се уредува директно или индиректно стекнување на квалификувано учество како и дополнително директно или индиректно зголемување на квалификувано учество во инвестициско друштво, пазарен оператор и овластен депозитар, а особено:

- начинот и условите за стекнување на квалификувано учество;
- документите и доказите кои треба да се доставаат како прилог кон барањето за стекнување на квалификувано учество и нивната содржина;
- критериумите за утврдување на подобноста на стекнувачот;
- критериумите за утврдување на подобност на лицата на кои веќе им е издадено одобрение за стекнување квалификувано учество.

Член 2

За цели на овој Правилник ќе се користат следните изрази:

**1. „Комисија“** е Комисија за надзор на пазарот на капитал;

**2. „Закон “** е Закон за финансиски инструменти;

**3. „Стекнувач“** е правно или физичко лице кое има намера директно или индиректно да стекне или дополнително да го зголеми квалификуваното учество во инвестициско друштво, пазарен оператор и овластен депозитар;

**4. „Лице “** е секое правно или физичко лице;

**5. „Целно друштво“** е инвестициско друштво, пазарен оператор и овластен депозитар во кој стекнувачот има намера да стекне или да го зголеми квалификуваното учество;

**6. Трансакција“** е било која директна или индиректна промена на сопственоста во целното друштво;

**7. „Трета земја“** е секоја земја која не е Република Северна Македонија;

**8. „Контрола/значајно влијание“** е секое правно или физичко лице кое во стекнувач поседува 25% или повеќе од вкупно издадените акции односно удели во тоа лица.

---

[1]Со овој Правилник се врши усогласување со:
- Делегираната уредба 2017/1946 на Комисијата од 11 јули 2017 година за дополнување на Директивата 2004/39/ЕЗ и 2014/65/ЕУ во поглед на регулаторните технички стандарди за целокупна листа на информации кои стекнувачите мораат да ги вклучат во известувањето за планираното стекнување на квалификувано учество во инвестициско друштво (алтернатива може да биде за намерата за стекнување на квалификувано учество во инвестициско друштво) CELEX бр. 32017R1946;
- Заедничките насоки на Европскиот орган за осигурување и професионални пензии (EIOPA), Европскиот надзорен орган за банки (EBA), Европскиот надзорен орган за хартии од вредност (ESMA) и Заедничкиот комитет на европските надзорни органи за прудентна проценка на стекнувањето и зголемувањето на квалификувано учество во финансискиот сектор од 20 Декември 2016 година.

Член 3

(1) При извршување на проценката за подобност на стекнувачот со цел одлучување по поднесеното барањето, Комисијата од целокупната документација која се доставува кон барањето за стекнување квалификувано учество особено ќе ги цени следните околности:

1. репутацијата и угледот на стекнувачот и на секое друго лице кое ќе го води деловното работење на целното друштво;
2. искуството на стекнувачот и на секое друго лице кое ќе го води деловното работење на целното друштво;
3. финансиската состојба и стабилност на стекнувачот;
4. финансиските интереси на стекнувачот и нивно влијание врз деловното работење на инвестициското друштво.

(2) Околностите од став (1) на овој член Комисијата ќе ги цени со цел да утврди:

1. постоење на можен судир на интерес кој би влијаел на финансиската стабилност на стекнувачот, а со тоа и на целното друштво;
2. можност за спроведување на ефикасен надзор од страна на Комисијата особено ако стекнувачот е со сложена правна структура или е дел од група или е од трета земја;
3. постоење на влијание на стекнувачот врз целното друштво во однос на доставување на навремени и точни информации до Комисијата за цели на надзорот;
4. постоење на ризик од перење пари и финансирање на тероризам и
5. сите други околности кои влијаат или би можеле да влијаат на стабилното и ефективното и ефикасното функционирање на целното друштво.

Член 4

Комисијата ќе издаде одобрение за директно или индиректно стекнување на квалификувано учество или одобрение за дополнително директно или индиректно зголемување на квалификувано учество, доколку утврди дека стекнувачот е подобен и финансиски стабилен и ги исполнува условите пропишани со Законот и со овој Правилник.

Член 5

За цели на проценката на подобноста Комисијата ќе ги земе предвид сите релевантни околности и истите ќе ги процени од случај до случај, водејќи се од принципот на пропорционалност во однос на природата, големината и сложеноста на трансакцијата.

ДЕЛ 2

**Начин на доставување на барањето за стекнување односно зголемување на квалификувано учество**

Член 6

(1) Барањето за добивање на одобрение за стекнување на квалификувано учество односно барањето за дополнително зголемување на квалификувано учество се поднесува до Комисијата на пропишан образец Барање (образец 1 и образец 2 на овој Правилник) заедно со целокупната документација и докази пропишани со Законот и со овој Правилник.

(2) Барањето и документацијата од став (1) на овој член може да се достави и електронски потпишана со дигитален сертификат освен изјавите за кои е потребна нотарска заверка и потврдите кои не се обезбедени од соодветните органи по електронски пат.

(3) Доколку барањето се поднесува физички во архивата на Комисијата задолжително се доставува и целокупната документација скенирана и снимена на преносен медиум (USB).

(4) Освен документацијата од став (1) на овој член, Комисијата може од стекнувачот да побара прецизирање на веќе доставената документација, а може да побара и други податоци и документи со кои се докажува исполнување на условите пропишани со Законот и со овој Правилник, вклучувајќи и податоци кои се пропишани со Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

(5) Документацијата која се поднесува кон барањето за стекнување на квалификувано учество мора да е во оригинал или нотарски заверена копија.

(6) Документацијата во оригинал како и нотарската заверка не смее да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето до Комисијата.

Член 7

(1) Документацијата која е издадена од странска држава на странски јазик, задолжително се доставува со апостил, кога е издадена од страна на странска држава која ја има ратификувано Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи.

(2) По исклучок од став (1) документацијата нема потреба да се достави со апостил, доколку Република Северна Македонија и странската држава имаат склучено договор за ослободување од легализација на странски јавни исправи.

(3) Во случај кога конкретната странска држава ја нема ратификувано Хашката конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи или нема билатерален договор за ослободување од легализација на странски јавни исправи, јавната исправа се легализира во согласност со законот кој ја уредува легализацијата на исправите во меѓународен промет.

(4) Документацијата издадена од странска држава задолжително се преведува од овластен судски преведувач, а преводот задолжително нотарски се заверува.

(5) Доколку законодавството на странската држава поинаку регулира одредена материја, стекнувачот е должен да се повика на правно мислење од адвокат, со цел да се потврди разликата во регулативата. Во овој случај адвокатот задолжително дава изјава дека е овластен согласно законодавството на странската држава за потврдување на тие факти и дека истиот е одговорен за вистинитоста на дадените податоци.

**Постапување по барањето за добивање одобрение за стекнување односно зголемување на квалификувано учество**

Член 8

(1) По разгледување на барањето и документацијата, доколку Комисијата утврди дека истото е непотполно, неуредно или има формално правни недостатоци, ќе му одреди разумен рок на стекнувачот во кој тој ќе треба да ја дополни документацијата.

(2) Доколку стекнувачот не ги дополни барањето и документацијата и не ги отстрани недостатоците во зададениот рок, ќе се смета дека стекнувачот се откажал од барањето, а Комисијата ќе донесе решение за запирање на постапката.

ДЕЛ 3

**Документи и докази кои ги доставува стекнувач - физичко лице**

Член 9

(1) Во случај кога стекнувач е физичко лице, кон барањето ја поднесува следната документација:

1. документ за лична идентификација (лична карта или пасош) каде се вклучени личните податоци на стекнувачот, вклучувајќи име и презиме, датум и место на раѓање, адреса на живеење, единствен матичен број или идентификациски број за странци;

2. детална биографија која вклучува лични податоци, стекнато образование, претходно професионално искуство и сите професионални активности или други релевантни функции кои моментално ги извршува како и попис на правните лица во кои бил или сеуште е вработено лице како и попис на правните лица во кои имал или сеуште има квалификувано учество;

3. Потврда од казнена евиденција за неосудуваност;

4. Потврда од казнена евиденција за (не)постоење на кривична постапка;

5. Потврда од прекршочна евиденција дека не се води прекршочна постапка и не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на физичко лице;

6. Потврда за редовно плаќање на јавните давачки;

7. Попис на правни лица во кои стекнувачот го води деловното работење, е сопственик или ги контролира во последните 5 години;

8. Попис на лица кои во смисла на член 3 став (1) точка 6 и точка 7 од Законот се тесно поврзани или се блиски соработници со стекнувачот со опис на поврзаноста;

9. Информација за тоа дали досега е извршена проценка на стекнувачот од друг надлежен орган, називот на органот како и докази од исходот на проценката;

10. Изјава за евентуално раскинување на договор за работа или разрешување од вршење на одговорна функција;

11. Доказ за финансиската состојба, вклучувајќи ги изворите на приходи, имотот и обврските, како и информација за кредити залози или гаранции;

12. Документи кои потврдуваат правен статус и потекло на финансиските средства на стекнувачот за уплата на почетниот капитал во целното друштво односно за неговата способност да одржува бонитетно функционирање на целното друштво и евентуално докапитализација во случај на финансиска нестабилност;

13. Опис на сите финансиски и нефинансиски интереси или односи на стекнувачот со:

- сите акционери со квалификувано учество во целното друштво;
- сите лица кои можат да остварат гласачки права во целното друштво согласно став 3 на овој член;
- сите членови на органите на управување или високото раководство на целното друштво;
- самото целно друштво и/или групата на која припаѓа.

14. Информации за сите останати интереси или активности на стекнувачот кои можат да бидат во спротивност со оние на целното друштво и можни решенија за решавање на тој судир на интерес;

15. Целосно пополнет прашалник за подобност кој е прилог (Образец 3) на овој Правилник, потпишан од стекнувачот и заверен кај нотар.

(2) Кон барањето стекнувачот задолжително ја доставува и следната докуменатација која се однесува на правните лица од став (1) точка 7 на овој член:

1. Потврда дали е изречена забрана за основање на нови правни лица;
2. Потврда дали е изречена казна престанок на правното лице;
3. Потврда дали е изречена забрана за добивање дозвола за работење на инвестициско друштво, пазарен оператор или овластен депозитар;

(3) Во смисла на став (1) точка 13 алинеја 2 остварување на гласачки права може да биде во една или повеќе од следните ситуации:

1. гласачки права на трета страна со која тоа лице има склучен договор со кој се обврзани со заедничко остварување на гласачките права да донесат трајна заедничка политика на управување со целното друштво за кое станува збор;
2. гласачки права на трета страна врз основа на склучен договор со тоа лице или субјект заради привремен пренос на тие гласачки права врз основа на надомест;
3. гласачки права кои произлегуваат од акциите кои кај тоа лице или субјект се вложени како колатерал со услов тоа лице или субјект ги контролира гласачките права и има дадено изјава дека истите има намера да ги оствари;
4. гласачки права кои произлегуваат од акциите над кои во корист на тоа лице или субјект засновано е право на плодоуживање;
5. гласачки права кои ги има или кои во смисла на алинеите од 1 до 4 на овој став може да ги оствари друштво кое тоа лице или субјект го контролира;
6. гласачки права кои произлегуваат од акциите кои се чуваат кај тоа лице или субјект, а кои тоа лице или субјект може да ги оставри по сопствено убедување, ако не постојат посебни упатства на акционерите;
7. гласачки права кои трета страна ги држи во свое име, а за сметка на тоа лице или субјект;
8. гласачки права кои тоа лице или субјект може да ги оствари како полномошник по сопствено убедување ако не постојат посебни упатства за гласање од акционерите.

(4) За цели на став (1) точка 13 на овој член под финансиски интереси се сметаат кредити, залози и гаранции, а за нефинансиски интереси се сметаат роднински врски.

## ДЕЛ 4

## Документи и докази кои ги доставува стекнувач- правно лице

Член 10

(1) Во случај кога стекнувач е правно лице, кон барањето ја поднесува следната документација

1. Регистрација од трговски (судски) регистар или друг соодветен регистар  во кој стекнувачот е запишан;
2. Информација на деловните активности на правното лице;
3. Информација за сите лица кои вистински го водат деловното работење на стекнувачот вклучувајќи ги нивните имиња, датум и место на раѓање, адреса, контакт податоци, матичен број, детална биографија во која е наведено релевантното образование, претходно професионално искуство и нивните професионални активности или други релевантни функции кои моментално ги извршуваат;
4. Информација за сите лица кои се запишан во соодветен регистар како вистински сопственици на правното лице вклучувајќи ги нивните имиња, датум и место на раѓање, адреса, контакт податоци и матичен број;
5. Информација за сите акционери кои имаат значајно влијание на стекнувачот;
6. Информација за сите друштва кои ги контролира стекнувачот;
7. Попис на лица кои во смисла на член 3 став (1) точка 6 и точка 7 од Законот се тесно поврзани или блиски соработници со стекнувачот со опис на поврзаноста и попис на стварните и законските иматели на удели/акции во правното лице-стекнувач со назначување на висината на делувањето и структурата на стекнувачот;
8. Информација за тоа дали досега е извршена проценка на стекнувачот од друг надлежен орган, назив на органот како и докази од исходот на проценката;
9. Потврда дали е изречена забрана за основање на нови правни лица;
10. Потврда дали е изречена казна престанок на правното лице;
11. Потврда дали е изречена забарана за добивање дозвола за работење на инвестициско друштво, пазарен оператор или овластен депозитар;
12. Потврда дали е одземена дозвола за работење на инвестициско друштво, пазарен оператор или овластен депозитар;
13. Потврда дали е изречена казна привремена забрана за вршење одделна дејност;
14. Потврда за постоење на кривична судска одлука;
15. Потврда за постоење на прекршочна судска одлука;
16. Потврда дека против правното лице  не е поведена стечајна или ликвидациона постапка;
17. Финансиски извештаи за последните три години пред поднесување на барањето;
18. Опис на финансиските и нефинансиките интереси или односи на стекнувачот или групата на која стекнувачот припаѓа и лицата кои стварно го водат неговото деловно работење со следните субјекти:

- сите  акционери со квалификувано учество или членови на органите на управување и надзор на целното друштво;
- сите лица кои можат да остварат гласачки права во целното друштво согласно став (5) на овој член;
- сите членови на управниот и надзорниот одбор на друштвото или високото раководство на целното друштво;
- самото целно друштво и групата на која и припаѓа;

19. Информации за сите останати интереси или активности на стекнувачот кои можат да бидат во спротивност со оние на целното друштво и можни решенија за решавање на тој судир на интерес;

20. Сопственичка структура на стекнувачот со целосен идентитет на акционерите кои имаат значајно влијание и нивното учество во капиталот и гласачките права, вклучувајќи информација за сите договори меѓу акционерите и членовите на органите на управување;

21. Ако стекнувачот е дел од група како друштво ќерка или матично друштво, детален органограм на целокупната корпоративна структура и информации за учеството во капиталот и гласачките права на акционерите или членовите на органите на управување со значајно влијание на субјектот во групата и за активностите кои субјектите внатре во групата моментално ги извршуваат;

22. Ако стекнувачот е дел од група како друштво ќерка/зависно друштво или матично друштво, идентификација на сите регулирани финансиски субјекти внатре во групата и односот помеѓу финансиските субјекти во групата и останатите нефинансиски субјекти внатре во групата и називите на релевантните надзорни тела;

23. Информации, доколку се достапни, за кредитен рејтинг на стекнувачот и вкупниот рејтинг на неговата група;

24. Целосно пополнет прашалник за подобност кој е прилог (Образец 4) на овој Правилник, потпишан од одговорното лице на правното лице стекнувач на барањето и заверен кај нотар.

(2) Во смисла на став (1) точка 3, точка 4 и точка 5 од овој член информацијата треба да содржи:

1. Документ за лична идентификација на лицата каде се вклучени личните податоци на тие физички лица, вклучувајќи име и презиме, датум и место на раѓање, адреса на живеење, матичен број или идентификациски број за странци односно тековна состојба на правно лице;

2. Потврда од казнена евиденција за неосудуваност;

3. Потврда од казнена евиденција за постоење на кривична постапка;

4. Потврда од прекршочна евиденција дека не се води прекршочна постапка и не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на физичко лице;

5. Потврда за редовно плаќање на јавните давачки.

(3) Во смисла на став (1) точка 6 на овој член информацијата треба да содржи:

1. Потврда дали е изречена забрана за добивање дозвола за работење на инвестициско друштво, пазарен оператор или овластен депозитар;

2. Потврда дали е одземена дозвола за работење на инвестициско друштво, пазарен оператор или овластен депозитар;

3. Потврда дали е изречена казна привремена забрана за вршење одделна дејност;

4. Потврда дека против правното лице не е поведена стечајна или ликвидациона постапка.

(4) Во смисла на став (1) точка 17 од овој член:

1. ако стекнувачот е основан во текот на тие три години се доставуваат финансиски извештаи од основањето;

2. ако финснаиски извештаи подлежат на ревизија се доставуваат ревидирани финансиски извештаи;

3. ако стекнувачот е матично друштво односно дел од група, се доставуваат консолидирани извештаи;

4. ако од последниот годишен извештај поминало повеќе од 9 месеци, се доставуваат финансиски извештаи за тековната година;

5. ако стекнувачот е новооснован субјект, наместо финансиски извештаи доставува проектирани биланси и извештаи за претпоставена добивка и загуба за првите три деловни години, вклучувајќи ги и претпоставките кои ги примениле при проектирањето.

(5) Во смисла на став (1) точка 18 алинеја 2 остварување на гласачки права може да биде во следните ситуации:

1. Гласачки права на трета страна со која тоа лице има склучен договор со кој се обврзани со заедничко остварување на гласачките права да донесат трајна заедничка политика на управување со целното друштво за кое станува збор;
2. Гласачки права на трета страна врз основа на склучен договор со тоа лице или субјект заради привремен пренос на тие гласачки права врз основа на надомест;
3. Гласачки права кои произлегуваат од акциите кои кај тоа лице или субјект се вложени како колатерал со услов тоа лице или субјект ги контролира гласачките права и има дадено изјава дека истите има намера да ги оствари;
4. Гласачки права кои произлегуваат од акциите над кои во корист на тоа лице или субјект засновано е право на плодоуживање;
5. Гласачки права кои ги има или кои во смисла на алинеите од 1 до 4 може да ги оствари друштво кое тоа лице или субјект го контролира;
6. Гласачки права кои произлегуваат од акциите кои се чуваат кај тоа лице или субјект, а кои тоа лице или субјект може да ги оствари по сопствено убедување, ако не постојат посебни упатства на акционерите;
7. Гласачки права кои трета страна држи во свое име, а за сметка на тоа лице или субјект;
8. Гласачи права кои тоа лице или субјект може да ги оствари како полномошник по сопствено убедување ако не постојат посебни упатства за гласање од акционерите.

(6) За цели на став (1) точка 18 на овој член под финансиски интереси се сметаат кредити, залози и гаранции, а за нефинансиски интереси се сметаат роднински врски.

## ДЕЛ 5

### Член 11

Документи и докази кои ги доставува стекнувач-правен ангажман (труст) или лице кое планира да стане правен ангажман (труст)

(1) Во случај кога барањето за стекнување на квалификувано учество односно барањето за дополнително зголемување на квалификувано учество го поднесува правен ангажман (труст) или лице кое планира да стане правен ангажман (труст), кон барањето се поднесува следната документација:

1. Идентитет на сите повереници кои управуваат со имотот под услови пропишани во договорот за основање на трустот;
2. Идентитет на сите лица кои се вистински сопственици на имотот на трустот, нивните удели како и распределбата на приходите;
3. Идентитет на сите лица кои се основачи на трустот;
4. Листа и идентитет на лица одговорни за инвестициската политика на правниот ангажман (труст).

## ДЕЛ 6

### Член 12

Информации за лицата кои ќе го водат деловното работење на целното друштво

(1) Стекнувачот покрај документацијата од член 9 и член 10 и член 11 од овој Правилник, кон барањето задолжително доставува информации и документација која се однесува на угледот и искуството на лицата кои ќе го водат деловното работење на целното друштво како резултат на планираното стекнување на квалификувано учество, вклучувајќи:

1. Документ за лична идентификација (лична карта или пасош) каде се вклучени личните податоци на лицето, вклучувајќи име и презиме, датум и место на раѓање, адреса на живеење, матичен број или идентификациски број за странци;
2. Податоци за работно место на кое лицето е именувано или ќе биде именувано;
3. Детална биографија во која ќе биде наведено образованието, стручното знаење, професионалното искуство, вклучувајќи ги сите претходни работни места каде лицето извршувало работни обврски вклучувајќи ја природата на работното место и траењето на работниот анагажман, сите активности кои ги преземал во рамки на работниот ангажман,

документација за искуството на лицето со наведување на сите работодавачи, вклучувајќи контакт податоци и препораки.

4. Потврда од казнена евиденција за неосудуваност;

5. Потврда од казнена евиденција за постоење на кривична постапка или изречена казна;

6. Потврда од прекршочна евиденција дека не се води прекршочна постапка и не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност на физичко лице;

7. Изјава за евентуално раскинување на договор за работа или разрешување од вршење на одговорна функција;

8. Информација за тоа дали до моментот на поднесување на барањето е извршена проценка на стекнувачот од надлежен орган, идентитетот на органот како и докази од исходот на проценката;

9. Опис на финансиските и нефинансиските интереси или односи на лицето и блиските роднини на тоа лице со членовите на органите во целното друштво и носителите на клучни функции во тоа друштво, матичното друштво или друштво ќерка/зависно друштво и со акционерите;

10. Најкраткото време во години и месеци, кое ќе биде посветено за извршување на функцијата од страна на тоа лице во целното друштво;

11. Попис на извршните и неизвршните функции кои тоа лице ги има до моментот на поднесување на барањето.

(2) За цели на став (1) точка 9 на овој член под финансиски интереси се сметаат кредити, залози и гаранции, а за нефинансиски интереси се сметаат роднински врски.

(3) По исклучок на став (1) од овој член доколку стекнувачот нема намера да предложи или да има свој претставник во органите на управување на целното друштво доставува изјава за истото.

## ДЕЛ 7

## **Информации за планираното стекнување на квалификувано учество**

### Член 13

(1) Стекнувачот до Комисијата доставува информации за планираното стекнување и тоа:

1. Идентификација на целното друштво;

2. Детали за плановите на стекнувачот во поглед на стекнувањето, вклучувајќи и информации за тоа дали се работи за стратешко вложување или вложување во портфолио;

3. Информации за уделите односно акциите на целното друштво кои стекнувачот ги поседува или планира да ги стекне пред и после стекнувањето вклучувајќи:

- Бројот и видот на уделите односно акциите и нивната номинална вредност;
- Процентот во вкупниот капитал во целното друштво кој го сочинуваат акциите, односно уделите кои стекнувачот ги поседува и планира да ги стекне во целното друштво;
- Учеството во вкупните гласачки права во целното друштво кое го сочинуваат акциите кои ги поседува и планира да ги стекне стекнувачот на барањето во целното друштво, пред и по стекнувањето, доколку се разликуваат од учеството во капиталот на целното друштво;
- Пазарна вредност на акциите кои стекнувачот ги поседува или планира да ги стекне пред и откако ќе ги стекне;

4. Опис на сите активности спроведени заедно со други страни, вклучувајќи го учеството на тие страни во финансирањето на планираното стекнување, начин на учеството во финансиските механизми кои се однесуваат на планираното стекнување и идните организациони механизми на планираното стекнување;

5. Содржината на договорот помеѓу стекнувачот и другите акционери или членови на органот на управување и надзор во целното друштво;

6. Цената по која стекнувачот на барањето планира да ги стекне акциите, како и критериумите кои се применети при одредување на таа цена и ако постои разлика помеѓу пазарната цена и планирана цена, објаснување на настанатата разлика.

(2) По исклучок на став (1) точка 5 на овој член доколку стекнувачот нема склучено ваков договор истиот доставува изјава дека таков договор не е склучен.

**Информации за финансирањето на планираното стекнување**

Член 14

(1) Стекнувачот до Комисијата доставува детално објаснување за конкретните извори на финансирање вклучувајќи:

1. Детали во врска со употребата на приватни финансиски средства, потеклото и расположливоста на средствата, вклучувајќи ги сите релевантни документи со кои се поткрепува тоа;
2. Детали за начинот на плаќање и мрежата/системот која се користела за пренос на средствата;
3. Детали за пристапот до изворите на капиталот и финансиските пазари, вклучувајќи детали за финансиските инструменти кои ќе се издадат;
4. Информација за употребата на позајмените средства, вклучувајќи податоци за заемодавачот и детали за одобрени кредитни линии, вклучувајќи го доспевањето, условите, залозите и гаранциите, како и информации за изворите на приходи кои ќе се искористат за отплата на тие заеми, како и потеклото на позајмените средства ако заемодавачот не е финансиска институција која е под надзор;
5. Информации за сите финансиски договори со другите акицонери во целното друштво;
6. Информации за имотот на стекнувачот или целното друштво кои би се продале за цели на финансирањето на планираното стекнување, како и условите на продажба, вклучувајќи ја цената, проценетата вредност и детали во однос на нејзините карактеристики како и информации за моментот и начинот на стекнување на имотот.

**Дополнителни информации за квалификувано учес**тво **од 10% до 50%**

Член 15

(1) Ако планираното стекнување на квалификувано учество на стекнувачот во целното друштво изнесува од 10% до 50%, стекнувачот до Комисијата доставува и стратегијата со инвестициска политика во која се наведени следните информации:

1. Временскиот период во кој стекнувачот планира да го задржи стекнатиот удел и сите планови на стекнувачот во однос на зголемување, намалување или задржување на нивото на учество во предвидлива иднина;
2. Плановите на стекнувачот во врска со целното друштво, вклучувајќи информации за тоа дали планира да спроведува било каков облик на контрола на целното друштво или ќе делува како активен малцински акционер и причините поради кои ќе ја има таа улога во управувањето со друштвото;
3. Информации за финансиската состојба на стекнувачот и неговата подготвеност да вложи дополнителни средства во капиталот на друштвото доколку се јави потреба за развој на деловното работење или во случај на финансиски потешкотии.
4. Влијанието кое стекнувачот планира да го има на финансиската состојба на целното друштво, вклучувајќи политика на дивиденда, стратешки развој и распределба на ресурсите;
5. Опис на плановите и очекувањата кои стекнувачот ги има во однос на целното друштво за период од 3 години во кој се наведени сите елементи од член 16 став 2 од овој Правилник.

**Дополнителни информации за квалификувано учество од 50% или повеќе**

Член 16

(1) Ако стекнувачот има намера да стекне 50% или повеќе од вкупно издадените акции односно учество во капиталот, или ако целното друштво стане негова фирма ќерка (зависно друштво) , освен информациите од член 15 од овој Правилник, кон барањето

потребно е да се приложи и развоен план кој ќе содржи план за стратешки развој, проектирани финансиски извештаи и опис на влијанието кое стекнувањето ќе го има на корпоративното управување и организациската структура во која се стекнува квалификуваното учество.

(2) Во планот за стратешки развој од став 1 на овој член се наведуваат главните цели на стекнувањето и главните начини на постигнувањето на тие цели вклучувајќи:

1. Целта на предвиденото стекнување;
2. Финансиски цели за првите 3 финансиски години по стекнувањето изразени преку очекуваниот поврат на капиталот, мерење на трошоците и користа, заработката по акција или на друг соодветен начин;
3. Влијанието на стекнувачот на евентуална промена на дејноста, производите, целните клиенти и можната прераспределба на финансиските средства или ресурси за кои не очекува дека ќе влијаат на целното друштво;
4. Постапката за вклучување и интегрирање на друштвото во кое се стекнува квалификувано учество во структурата на групата, со опис на планираниот однос со другите членови во групата и опис на политиката со која се уредуваат внатрешните меѓусебни односи. Ако се работи за субјекти кои имаат добиено одобрение и се под надзор на надлежни органи, во рамки на информациите доволно е да се наведат информации за конкретните одделенија во структурата на групата на кои влијае стекнувањето.

(3) Проектираните финансиски извештаи од став (1) на овој член на поединечна и консолидирана основа за период од 3 години треба да го вклучуваат следното:

1. Проектиран биланс на состојба и биланс на успех;
2. Проектирани бонитетни капитални барања и стапка на солвентност / стапки на адекватност на капиталот;
3. Информации за нивото на изложеност на ризици, вклучувајќи кредитен, пазарен и оперативен ризик и други релевантни ризици;
4. Проектирани трансакции внатре во групата.

(4) Влијанието кое стекнувањето ќе го има на корпоративното управување и организациската структура во друштвото во кое се стекнува квалификуваното учество од став (1) на овој член го опфаќа следното:

1. Состав и должности на органите на управување и сите тела кои донесуваат одлуки, вклучувајќи го управниот одбор, одбор за управување со ризици, одбор за ревизија, одбор за наградување, како и информации за лицата кои ќе се именуваат за водење на деловното работење;
2. Административни и сметководствени постапки и внатрешна контрола вклучувајќи ги промените на постапките и системите кои се однесуваат на сметководството, внатрешната ревизија, фунакцијата на усогласеност со прописите, функцијата за спречување перење пари и финансирање тероризам и функцијата на управување со ризиците и именувањето на лица кои ќе вршат клучни функции и тоа внатрешниот ревизор, лицето задолжено за усогласеност со прописи и лицето задолжено за управување со ризиците;
3. Целокупната информатичка поставеност и организација, вклучувајќи ги сите промени кои се однесуваат на политиката за надворешно одржување на информатичкиот систем, (политика на екстернализација) , дијаграм за текот на податоците, внатрешниот и надворешниот софтвер кој се користи, како и темелни постапки и алатки за заштита на податоците и системот, како што се back-up на податоците/ чувањето на податоците, планови за континуитет и ревизорски записи;
4. Политики со кои се уредува надворешно извршување на работите, вклучувајќи информации и податоци за деловните процеси кои ќе се издвојуваат/пренесуваат, начинот на избор на давателот на услугите, како и правата и обврските дефинирани во договорите за издвојување на деловните процеси, вклучувајќи механизми за ревизија и квалитет на услугите кој се очекува од давателот на услуги;
5. Сите останати релевантни информации кои можат да влијаат на корпоративното управување и организациска структура на друштвото во кое се стекнува квалификувано учество, вклучувајќи ги сите измени во поглед на гласачките права на акционерите.

(5) Ако до стекнување со квалификувано учество доаѓа врз основа на трансакција, при што не се менува крајниот посреден стекнувач, стекнувачот не е должен да достави

стратегија, деловен план и внатрешна организација на друштвото, ако со стекнувањето нема да дојде до измена на наведените документи.

ДЕЛ 8

**Редуцирани/намалени барања за информации**

Член 17

(1) По исклучок на член 9 до член 16 од овој Правилник, ако стекнувачот е субјект кој има одобрение за работа и кое е под надзор на надлежен орган во Република Северна Македонија, а целното друштво ги исполнува критериумите од став (2) на овој член стекнувачот до Комисијата ги доставува следните информаци:

1. Ако стекнувачот е физичко лице:
- Информациите утврдени во член 9 став (1) точка 1 и точка 2 од овој Правилник;
- Информациите утврдени во член 9 став (1) точка 11, 12, 13 и точка 14 од овој Правилник;
- Информациите утврдени во член 12, член 13 и член 14 од овој Правилник;
- Ако стекнувањето на квалификуваното учество биде од 10% до 50% документ за стратегијата утврден во член 15 од овој Правилник.
2. Ако стекнувачот е правно лице:
- Информациите утврдени во член 10 став (1) точка 1, 2, 3, 4, 5 и точка 6 од овој Правилник;
-Информациите утврдени во член 10 став 1 точка 18, 19, 20, 21, 22 и точка 23 од овој Правилник ;
-Информациите утврдени во член 12, член 13 и член 14 од овој Правилник;
-Ако стекнувањето на квалификуваното учество биде од 10% до 50% документ за стратегијата утврден во член 15 од овој Правилник;
3. Ако стекнувачот е труст:
- Информациите утврдени во член 11 од овој Правилник;
- Информациите утврдени во член 12, член 13 и член 14 од овој Правилник;
- Ако стекнувањето на квалификуваното учество биде од 10% до 50% документ за стратегијата утврден во член 15 од овој Правилник;

(2) За достава на документацијата пропишана во став (1) на овој член, целното друштво треба да ги исполнува следните критериуми:
- Не чува парични средства и/или финансиски инструменти на клиенти;
- Не е овластен да ја дава услугата тргување за сопствена сметка или да врши трансакции и активности за сметка на издавачот на хартиите од вредност потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност, со задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност;
- Ако е овластен за давање на инвестициската услуга управување со портфолио, доколку вредноста на имотот со која друштвото управува е помала од 100 милиони евра.

(3) Ако Комисијата во претходните две години извршила проценка на стекнувачот од став 1 на овој член, тој стекнувач ги доставува информациите кои се промениле од претходната проценка и доставува нотарски заверена изјава во која изјавува дека останатите информации не се променети и нема потреба да се ажурираат.

Член 18

(1) Прилозите кои се составен дел на овој Правилник, Комисијата ги објавува на својата веб страна.

(2) Со денот на примена на овој Правилник престанува да важи Правилникот за потребна документација за добивање согласнсот за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност, депозитар за хартии од вредност и друштво за управување со инвестициски фондови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/2020).

(3) Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со денот на почеток на примена на Законот за финансиски инструменти“.

Бр. 01-622/1
4 октомври 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.